ISSN 2671-3829

4

ГРСТ

СПИСАНИЕ НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ПРОЕКТИ–ОБУКИ–РАБОТИЛНИЦИ
СТРУЧНИ АКТИВИ
КРЕАТИВНИ И НАДВОР ОД ТД
ЕКО-ТД



2022

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ТАКИ ДАСКАЛО
БИТОЛА

тел: 047-220-192

ул. „Димитар Илиевски - Мурато“ бр. 37 Битола
takidaskalobitola@gmail.com www.takidaskalo.edu.mk



ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

природно-математичко подрачје,
општествено-хуманистичко
јазично-уметничко подрачје.

БИЛИНГВАЛНА ПАРАЛЕЛКА:
англиско - македонска





ГРАФИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО:

Графички техничар/
графички уредник-дизајнер

Печатар (дуално образование)/
Изработувач на визуелни апликации

УЧЕБНА 2022/2023

ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАСТРУКА/ СЕКТОР ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА :

Архитектонски техничар/Градежен техничар



СООБРАЌАЈНА СТРУКА/ СЕКТОР СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ

Техничар за патен сообраќај
Техничар за транспорт и шпедиција



ГЕОЛОШКО РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА / СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА:

Геолошко-рударски техничар



ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА / СЕКТОР ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ:

Техничар за дизајн на облека/
техничар за изработка на облека



СТРУКА/СЕКТОР: ЛИЧНИ УСЛУГИ

Техничар за козметичка
нега и убавина,



УГОСТИТЕЛСКО – ТУРИСТИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ :

Хотелско - туристички техничар



ГРСТ

списание на СОУ „Таки Даскало“ - Битола
бр.4, април 2022

ISSN 2671-3829

За издавачот:
Ристо Грујовски, директор

Главни и одговорни уредници:
Весна Мундишевска-Велјановска
Марија Младеновска-Димитровска

Редакција:
Валентина Богојовска
Оливера Георгиевска
Николче Ѓелевски
Драгица Здравковска
Славица Јовевска
Наташа Котевска
Елизабета Ристевска
Катерина Спасовска-Маурдева
Ема Ќука

Јазична редакција:
Ири Јефтимова

Компјутерска обработка:
Весна Мундишевска-Велјановска

Корица:
Миле Атанасоски

Контакт адреса:
Ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, Битола
e-mail: takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk

Печати:
АД „Киро Дандаро“ - Битола

Содржина:

2 Меѓународна соработка
5 Проекти – Обуки – Работилници
15 Геолошко рударска и металуршка струка
17 Сообраќајна струка
19 Градежно-геодетска струка
21 Текстилно-кожарска струка
23 Графичка струка
25 Гимназиско образование
27 Угостителско-туристичка струка
29 Лични услуги
31 Признанија/ Награди
33 Еко ТД
35 Литературен клуб
36 Кариерен центар
36 Волонтерски клуб
37 Креативни и надвор од ТД

ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ



Нашиот фокус како училиште е насочен кон реализација на нашите приоритети и планираните проекти, како што се реализација на крупните инфраструктурни проекти, што ќе придонесат за осовременување и унапредување на условите за учење и работа, подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, опремување на училиштето со софистицирана опрема за стручното образование, опремување на кабинети за струките и за гимназијата, имплементација на реформираните наставни планови и програми, што ќе ни овозможи да продуцираме кадри со компетенции кои се според потребите на пазарот на трудот.

Токму заради тоа, во овој период интензивно се работи на крупни инфраструктурни проекти, како што се реконструкција на спортските сали, реконструкција на спортските терени и училишниот двор, со што значително ќе се подобрат просторните услови за изведување на наставата. Во план се и други инфраструктурни зафати за реконструкција на скалите во училиштето, проект за засебно загревање на спортските сали, во процес на апликација се проекти до Германската и Јапонската амбасада за санација на санитарните чворови и поставување на енергетска фасада, ќе се направи промена на вратите на училниците, кабинетите, канцелариите и ентериерно уредување, уредување на паркингот за вработените, како и паркинг за велосипеди и моторцикли.

Исто така, како еден од приоритетите на училиштето е воведувањето на дуалното образование, што претставува влог во иднината на стручното образование, за што веќе потпишавме и Меморандум за соработка со печатницата „Киро Дандаро“ за дуална паралелка во графичката струка, како и Меморандум за соработка за дуално образование и со печатницата „Фустеларко Борец“. Во наредниот период планираме да воведеме дуално образование и во другите струки, што ќе овозможи учениците да стекнат стручни компетенции и практична работа кај работодавач, да бидат препознаени од работодавачите и да бидат вработени во компаниите.

Менаџерскиот тим на училиштето покрај тоа што се труди да ги подобри условите за работа, се грижи и за професионалниот развој на наставниот кадар, со организирање на обуки за наставниот кадар со што ќе овозможи висок квалитет на наставниот процес согласно современите текови.

Максимално се трудиме да ја остваримe нашата визија и мисија, СОУ „Таки Даскало“ да биде значаен и респектабилен регионален образовен центар, кој покрај квалитетно гимназиско образование и билингвална англиско-македонска паралелка, ќе понуди и квалитетно стручно образование и образовни профили согласно потребите на бизнис секторот.

Меѓународна соработка



ЕРАЗМУС + ПРОЕКТИ

СОУ Таки Даскало е лидер во регионот според добиените меѓународни проекти од Еразмус + програмата. Еразмус плус е водечка програма на Европската Комисија, фокусирана на образованието, обуката, младите и спортот.

1. **Уметност и дизајн во нашите животи (Art & design in our lives)**, со партнери од Чешка, Португалија и Турција. Проектот беше фокусиран на дизајнирање и создавање на уметнички продукти. На работилниците со учениците од графичката и текстилната струка беа создадени различни предмети (разни видови на облека, изработки од керамика, фотографии, графички материјали и предмети).
2. **Постер арт (Poster Art – Take a Part)**, со партнери од Австрија, Италија, Шпанија, Полска, Романија и Португалија. Целта на проектот беше учениците од графичката струка да се запознаат со постерот како медиум и да се здобијат со вештини за создавањето на плакати и постери. Се користеа традиционални и современи техники за дизајн и производство на постери.
3. **Следејќи ги стапките на императорите (Following the footprints of Emperors)**, со партнери од Турција, Германија, Италија, Португалија, Шпанија, Бугарија, Хрватска и Романија. Цел на проектот беше да се проучува една заедничка нишка од минатото на сите партнерски земји - Римската империја. Римските императори оставиле траги кои се знаци на нивната култура, литература, социјалниот живот, спорт, архитектура, религија, јазик и трговија во земјите партнери и создале една општа и заеднички култура.
4. **Биди зелен (Boost Your Green)**, со партнери од Франција, Португалија, Бугарија, Романија и Турција Главна цел на овој проект беше „зеленото образование“ и неговите различни начини на интеграција во образовните системи во Европската унија, како една од централните точки на интерес во нашите заедници. Учениците беа потикнати да ги развијат своите „зелени“ вештини додека работеа на иновативен и меѓународен проект.
5. **Одржливо живеење (Sustainable Living - Active Citizens)**, со партнери од Норвешка, Франција, Финска, Италија и Германија. Главна цел на овој проект беше учениците да научат што е одржливост и што значи да се биде активен граѓанин. Тие не само што учеа за овие теми, туку и извршуваа активности кои ги учеа како да живеат одржлив живот и да станат активни граѓани во нивните локални заедници.

И оваа година нашето училиште аплицираше со неколку нови проекти во Еразмус + програмата на различни теми и тоа: Животна средина и борба против климатските промени (Environment and fight against climate change) и Справување со дигиталната трансформација преку подобрување на дигиталната спремност, флексибилност и капацитет (Addressing digital transformation through the development of digital readiness, resilience, and capacity).

Координатор на проектите,
Гордана Јордева







Еразмус плус проект „Движете се дигитално и бидете Европејци“ (MOV.I.E.S)



Од 2018 до 2021 година СОУ „Таки Даскало“ беше партнер училиште во проектот „Движете се дигитално и бидете Европејци“ (MOV.I.E.S) финансиран од Еразмус плус програмата. Координатор на овој проект беше Весна Јовановска. Во проектот освен нашата земја учествуваа ученици и наставници од Италија, Португалија, Романија и Турција. Активно учество зедоа педесет и еден ученик и шест наставници од СОУ „Таки Даскало“.





Проектот имаше културна, образовна и професионална димензија. Цели беа:

- ✓ да се развијат практични вештини поврзани со снимање филм
- ✓ да се подобрат вештините за критичко размислување и креативноста
- ✓ да се развијат интерперсонални и комуникациски вештини
- ✓ да им се овозможи на учениците активно да пристапат кон социјалните прашања
- ✓ да препознава различни културни особини и да ги анализира сличностите и разликите
- ✓ да се подобри дигиталната компетентност и ИКТ вештините
- ✓ да се подобри нивото на англискиот јазик

Методолошките пристапи се засноваа на кооперативно учење, тимска работа и учење преку практика и со интеракција. Сите активности беа насочени кон учениците додека наставниците имаа улога на водичи и ментори.

Еразмус плус проект „Здраво живеење, здрави деца, здрава иднина“











Проектот „Здраво живеење, здрави деца, здрава иднина“ (Healthy live, healthy children, healthy future))започна во 2019 година, а ќе заврши во 2022 поради светската пандемија. Координатор на овој проект е Весна Јовановска и во него учествуваат Романија, Бугарија и Португалија. Цели на проектот се проблемите со нездравата исхрана и дебелината, влијанието на медиумите врз изборот на храна, неподвижниот начин на живот на учениците и нивната зависност од телефони.

Начинот на живот, нездравата исхрана и недостигот од вежбање и спортување се загрижувачки здравствен и социјален проблем. Преку проектот, партнерите го фокусираат своето внимание не само на учениците, туку и на нивните родители и наставници. Целта е да се обрне внимание на причините за дебелината, важноста на здравата исхрана дома и на училиште, спортот и туризмот.

Подготви: Весна Јовановска

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ПРЕКУ УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, КОНГРЕСИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ

- Учество на Регионалниот настан „Менталното здравје - сега е моментот“, предавања и тркалезна маса со дискусија, како дел од програмата на Еразмус плус финансиран од Европската Унија имплементиран од ГЗ „Младите можат“ - Скопје кој се одржа на 21 септември 2021 год. во Битола свое учество зедоа: Славица Наумовска, училишен психолог и учениците Марија Сервини и Дејан Богојовски.

- Учество на IV Меѓународен интердисциплинарен конгрес за гешталт психотерапија „Љубовта и состојбата на општиот човек“ во периодот од 23 до 26 септември 2021 год. во Сараево, Босна и Херцеговина, во организација на Психоинтегрум и мрежа за гешталт асоцијации и институции од Малта, Р.Србија, Р. Хрватска, Р. Црна Гора и Р.С. Македонија. Учесник Марија Младеновска-Димитровска, психолог.

- Во периодот од 28 до 30 октомври 2021 год. психологот и психотерапевт Славица Наумовска зеде учество со свој научен труд на Научно стручната конференција „Савремени трендови у психологии 2021“ која се одржа онлајн во организација на Филозофскиот факултет, Институт за Психологија во Нови Сад, Р. Србија.

- На Осмата научно стручна конференција „Ментално здравје и креативност“ организирана во периодот од 4 до 6 ноември 2021 год. (онлајн) од Сојузот на студенти на Универзитетот во Ниш Р. Србија, Психолошкото советувалиште на студенти и студенскоит културен центар во Ниш, со свој научен труд учествуваше Славица Наумовска.

- Обуки и интерактивни работилници од областа на когнитивно-бихејвиор психотерапија и гешталт психотерапија, реализира Славица Наумовска и тоа: „Рационално емотивно и когнитивно бихејвиоралана терапија за анксиозни депресивни состојби кај деца и адолесценти“ во организација на Здружението за дислексија „Ајншајн“ - Скопје на 25 октомври 2021 год.; „Менталното здравје – како да се справиме со стресот“ организирана од WEBINAR.JAM/USA на 27 октомври 2021 год.; „Лутина и агресивно однесување кај деца и млади – препознавање и одговор“ организирана од Здружението за дислексија „Ајншајн“ - Скопје на 18 декември 2021 год. и „Спознавање на себе си со Арт терапија“ на 25 јануари 2022 год.

- Онлајн конференција за реализација на проект во организација на фондот за регионални предизвици RCF, германската KFW банка, Стопанска комора на Македонија, Германската Амбасада - на ден 23 февруари 2022 година, учесник беше Марија Младеновска-Димитровска.

- Онлајн конференција во рамките на проектот „Пристапот заснован на човекови права за време на ковид-19 кризата“ - поддржан од Балканскиот труст за демократија, Германскиот Маршалов Фонд на САД и УСАИД. Конференцијата беше организирана од Институтот за човекови права (Institute for Human Rights). Конференција се одржа на 24 март 2022 година. Учесници беа училишните психолози: Славица Наумовска и Марија Младеновска Димитровска.

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИТЕ САЛИ ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“



Во СОУ „Таки Даскало“ – Битола во тек на реализација се крупни инфраструктурни проекти, како што е комплетна реконструкција на двете спортски сали во училиштето, фискултурната и гимнастичарската сала. Средствата за реконструкцијата на спортските сали, се обезбедени преку донација од Министерството за образование и наука.



-Во рамките на проектот предвидено е комплетно реновирање на салите, со најмодерен спортски нелизгав под, предвидено е високо енергетски ефикасно лед осветлување, ќе биде заменета комплетната дограма со најсовремена огноотпорна алуминиумска дограма, комплетна замена на електричната, водоводната и канализационата инсталација, изведбата на соблекувалните е по сите најсовремени стандарди, со туш кабини и тоалети за учениците, тоалети приспособени за лица со инвалидитет, модерни кабинети за професорите по спорт и спортски активности. Исто така, ќе биде поставен систем од акустични панели, како би се елиминирала бучавата при изведување на наставата по спорт и спортски активности. Дополнително во соработка со Општината Битола и ЈКП „Нискоградба“ ќе биде изведена обиколна дренажа околу спортските сали, каде ќе се собираат атмосферските води со олучна инсталација. По завршувањето на овој голем инфраструктурен проект, учениците ќе добијат најсовремени услови за изведување на наставата по спорт и спортски активности, со што ќе се подигне и квалитетот на наставата и условите за работа и учење – истакна Ристо Грујовски, директор на СОУ „Таки Даскало“ и додаде:

- Инвестициите за подобрување на инфраструктурата и за осовременување на условите за работа ќе продолжат и понатаму, зашто имаме во план и други проекти кои ќе се реализираат во наредниот период. Некои од нив се во фаза на апликација, за некои ќе аплицираме во наредниот период, а некои се веќе одобрени и треба да се почне со изведба. Во тек е изработка на елаборат за промена на електричната инсталација во Блок Б, поставување на разгласна станица и озвучување на ходниците и училниците, во тек се аплицираат проекти во странските амбасади Јапонска и Германска амбасада, за добивање на проекти за санација на санитарните чворови и поставување на





енергетски ефикасна фасада, во тек е изготвување на проект за засебно загревање на салите, проект за промена на вратите на училниците, кабинетите, канцелариите и ентериерно уредување на истите, поставување на паркинг за велосипеди и мопеди во училишниот двор, фарбање на металната ограда и уредување на училишниот двор од предната страна на училиштето, поставување и уредување на паркинг просторот за вработените, проект за уредување на библиотеката во современа медиотека по најсовремени стандарди – истакна директорот Ристо Грујовски.

УРЕДУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И УЧИЛИШНИОТ ДВОР





Со наменска донација од Општината Битола, во СОУ „Таки Даскало“, во тек се интензивни градежни зафати со кои се уредуваат спортските терени и училишниот двор. Според проектната документација предвидено е комплетно преуредување на спортските терени во училиштето, каде ќе бидат изградени терен за футсал, кошаркарско игралиште, одбојкарско игралиште, а заради безбедност на учениците предвидено е спортските терени да бидат заградени со жичена ограда, а ќе бидат осветлени и со рефлектори, што ќе овозможи и ноќно користење на теренитe.


Исто така, ќе биде комплетно уреден и училишниот двор, каде ќе бидат поставени клупи со масички за седење, sидни канделабри, паркинг за велосипеди, а целиот останат простор ќе биде поплочен со бехатон плочки и хортикултурно уреден, со што ќе се добие еден прекрасен простор за одмор на учениците и на наставниците за време на одморите. Отворен е и нов безбедносен влез од страната на Гроздот според сите стандарди и прописи за безбедност.

- Станува збор за големи градежни зафати во училишниот двор со кои комплетно ќе се преуредат спортските терени и ќе се уреди училишниот двор, со што учениците и наставниците по спорт и спортски активности ќе добијат одлични услови за изведување на часовите, што ќе придонесе и за осовременување и поголем квалитет на наставата во чекор со најсовремените стандарди. Со уредувањето на училишниот двор учениците и наставниот кадар ќе добијат еден одлично уреден и осмислен простор за одмор и релаксација. Средствата за реализација на проектот се обезбедени од Општината Битола – истакна директорот на СОУ „Таки Даскало“, Ристо Грујовски.



ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ГРАФИЧКАТА СТРУКА

На иницијатива на Стопанската комора, директорот на СОУ „Таки Даскало“ - Битола, Ристо Грујовски, потпиша Меморандум за соработка со директорот на АД „Киро Дандаро“ Битола, Драги Милошевски, за отворање на дуална паралелка во секторот графичарство. Со дуалното образование ќе се овозможи учениците од графичката струка своето практично знаење да го стекнат во Печатницата „Киро Дандаро“.





- Дуалното образование сè повеќе се истакнува како модел во стручното образование и е иднината на стручното образование, зашто ќе им овозможи на нашите ученици практичните вештини да ги стекнат директно кај работодавач и да добијат можност за вработување веднаш по завршувањето на средното образование во компанијата. А од друга страна преку дуалното образование ќе им овозможи на компаниите да добијат едуциран млад кадар за нивните потреби – истакна директорот Ристо Грујовски.

Инаку, со потпишувањето на Меморандумот за соработка се продлабочува долгогодишната соработка која СОУ „Таки Даскало“ ја има со Печатницата „Киро Дандаро“, во која генерации ученици од графичката струка, со децении ги стекнуваат своите практични вештини во печатницата, која е една од најсовремените печатници во нашата држава.

Проекти – Обуки – Работилници

ЕДУИНО-ВЕБИНАРИ ИЛИ ПРОФЕСИОНАЛНА НАДГРАДБА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА



ЕДУИНО-вебинарите се интерактивни, неформални настани каде учесниците следат предавања на теми од областа на образованието. Сите учесници можат да се стекнат со два сертификати: сертификат за применети и сертификат за стекнати знаења. Голема придобивка за сите наставници е тоа што вебинарите се достапни во форма на видеа на веб страната на Едуино.

Како примери за значајни и применливи во средно образование, од посетените вебинари би ги издвоила следниве:

Превртена училница-концепт, стратегии и потребни ресурси за спроведување

На овој вебинар беше претставен концептот на превртена училница (анг. flipped classroom). Предавачите понудија стратегии, ресурси како и практични примери и начини за спроведување на овој модел.

Оценување за време на хибридна настава-креирање рубрики како дел од формативното оценување

Слушателите имаа можност да научат како се креираат рубрики со конкретни критериуми за формативно оценување преку конкретни примери и технички решенија.

Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени

Овој вебинар даде приказ за тоа како треба да изгледа еден современ наставен час на кој учениците преку интердисциплинарен пристап ја изучуваат темата климатски промени. Акцентот беше ставен на препознавање на негативните ефекти од оваа појава, размислување за решенија за овој проблем и стекнување на трајни и применливи знаења.

Прилогот го подготви Валентина Богојовска
професор по англиски јазик и книжевност

РЕГИОНАЛЕН НАСТАН „ВЛИЈАНИЕТО НА РАЗЛИЧНИТЕ СРЕДИНИ ВРЗ МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА МЛАДИТЕ”



Настанот се одржа во Битола на 21 септември 2021 год. Се работи за проект имплементиран од Здружението на граѓани „Младите можат“ - Скопје, како дел од Еразмус плус програмата поддржана од Европската Унија.

Овој проект има за цел да ја подобри соработката помеѓу различните чинители во граѓанското општество за да ја промовира важноста и потребата од грижата за менталното здравје на младите како клучна компонента за личниот раст и развој. Учесници на настанот од СОУ „Таки Даскало“ - Битола беа психологот Славица Наумовска и учениците од II 12, гимназија, билингвална паралелка: Дејан Богојовски и Марија Сервини. Ние бевме слушатели на презентирањето и говорот на поканетите професионални лица, при што дадовме и свои идеи и мислења за грижата за менталното здравје. Заклучено беше дека тоа е еднакво важно со физичкото здравје и заслужува ист третман и внимание. Исто така, емпатијата е клучна за подобрување на психичкото здравје на ниво на општество.



Изработиле: Марија Сервини и Дејан Богојовски II 12

УЧЕЊЕ ОД НАЈДОБРИТЕ

На 30.11.2021 учениците од билингвалните паралелки при СОУ „Таки Даскало“– Битола имаа интересно online дружење со режисерот Јован Ристовски од Народниот Театар Битола.



Тој несебично ги сподели неговите совети со нас, што претставува огромна помош при нашите изведби на радио драмите во рамките на проектната активност, Англиски јазик-театарски активности. Ни ги кажа сите чекори кои се клучни за продукција на една успешна радио драма, не советуваше како да ја победиме тремата пред снимање, сето тоа на еден забавен начин кој остави силен впечаток кај сите присутни на настанот.

Голема благодарност до г-дин Ристевски кој ни ја покажа забавната и интересната страна на радио драмата.

Прилогот го подготви Горазд Димовски I 12 клас

Активности на Ученичка заедница

РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ УЧЕНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ

СОУ „Таки Даскало“ – Битола зеде учество во проектот „Ученички иницијативи“ кој го реализира МЦГО и МОФ. Во проектот беа вклучени ученици од прва до четврта година од гимназиско и стручно образование. Во рамките на проектот беа реализирани бројни активности како: изработка на платнени кеси, печатење на кесите и разделување не истите на случајни минувачи пред поголем маркет.



Целта на проектот е подигнување на свеста кај учениците и граѓаните од поширокаta локална заедница за намалување на пластичниот отпад, особено за намалување на употребата на пластичните ќеси, потоа совладување на техники за графичко печатење на лого на текстилен материјал со бои за текстил. Идејата за реализација на проектните активности потекна од самите ученици кои ги осмислија активностите и целта беше да се подигне и јавната свест кај поширокаta локална средина.





По завршувањето на проектните активности беше направен отворен ден и споделување на искуства со учениците од Средното општинско медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ од Битола и Анита Мицевска, наставник по социологија во Медицинското училиште.



Активностите беа координирани од проектниот тим на училиштето, предводени од психологот Наташа Ралевска-Вучкова, а во тимот беа: помошник-директорот Добре Босилковски и Весна М. Трајковска, наставник по етика, а изработката на логото на Училиштето кое се печатеше на платнените торби се реализира во соработка со Миле Атанасоски и Николче Јоновски, наставници по графички стручни предмети, изработката на торбите со помош на Живка Ицаноска, наставник по текстилни стручни предмети, а техниките на користење на боите во соработка со Ема Ќука, наставник по ликовна уметност.

КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА ЛИКОВНИ ПРОДУКТИ „ТРЕТИ ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ“



Училиштето и Инклузивниот тим, обезбедува атмосфера за поддршка на учениците со различен спектар на попреченост, која ги стимулира позитивните идеи за инклузивно образование, во безбедна и хармонична средина. Меѓународниот ден на лица со попреченост, беше одбележан со реализација на психоедукативна работилница во создавање на ликовни продукти. Во согласност на протоколите за Ковид 19, во реализацијата на работилница беа вклучени учениците со посебни образовни потешкотии, и ограничен број на ученици од гимназиско и стручно образование: Марија Сервини, Атанасовска Ангела, Ѓоргиевска Ева и Терзиовска Христина, образовните асистенти: Пандора Бојовска, Рената Димановска и Наташа Стојановска. Организатори и реализатори на работилницата беа училишните психолози: Славица Наумовска и Марија М. Димитровска.





ПОДДРШКА И ПРИДОНЕС НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА ВО КРЕАЦИЈАТА НА ПРВАТА ИНКЛУЗИВНА СЛИКОВНИЦА „СВЕТ ЗА СИТЕ“



СОУ „Таки Даскало“ - Битола зеде учество во музичко-ликовен перформанс организиран од ЦПЛИП Порака-Битола за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Беше презентирана и промовирана **првата инклузивна сликовница „СВЕТ ЗА СИТЕ“** преку која се пренесе порака за еднаквост, недискриминација, соживот и солидарност. Во инклузивната сликовница, илустрирана е ликовнта творба на Бојан Караболевски ученик од IV 2 под менторство на Славица Наумовска - училишен психолог, од објавениот конкурс **„Уметноста не перцепира попреченост“** на ЦПЛИП. Како израз на благодарност и признание за хуманоста, поддршката и придонесот во акциите на ЦПЛИП Порака - Битола беа доделени благодарници за учесниците.





АКТИВНОСТИ НА ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКАТА СТРУКА

Мултиетничката интеграција не е нов поим кој нашите ученици треба да го совладаат. Мултиетничката соработка е начин на кој нашите ученици пулсираат во духот на училиштето. Солидарноста е синоним за поддршка. Нашите ученици си помагаат меѓусебно, помагаат и онаму каде е најпотребно. Солидарноста е вредност која ја негуваме кај учениците креирајќи грижливи личности кои не се двоумат да соработуваат и поддржуваат индивидуи во неповолни ситуации. Тоа ги прави силни битија кои ќе се спротиставаат на неволјите кои се случуваат во текот на животот.



Хуманитарна акција за Нова година - Пакетче од дете за дете. Подарени се 25 пакетчиња од децата од Градежно-геодетската струка (архитектонски и градежен техничар) за децата од ЈУ „Дом за Доенчиња и Мали деца“ – Битола.

КНИЖНА ГАЛАНТЕРИЈА ЗА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА



Графичката струка во соработка со НУУБ „Свети Климент Охридски“ - Битола, во февруари и март 2022 год. реализираше работилници за одбележување на 8 Март - Меѓународниот ден на жената. Учениците-графичари и нивните менторки професорките Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева и Снежана Паскова, и претставникот од библиотеката Гордана Ѓоргиевска-Неделковски, изработија широка палета производи од книжна галантерија кои беа подарени на читателките на библиотеката. Разновидните изработки со пораки за жената (тефтерчиња, пликови, папки, обележувачи за книги и картички, паспарту, честитки), надополнети со приврзоци-нотеси, организери за картички, оригами, персонализирани чоколади и др. создадоа многубојна палета со која се разубави Денот на жената.










МИО АКТИВНОСТИ

Учениците Ѓула Рустемова, Марија Петровска, Сибел Алиу, Садет Амедовска од текстилна струка, имаа кратки презентации за народна облека за својата етничка припадност. На работилниците од меѓуетничка интеграција учениците изработија скици од современи дизајни со примена од традиционалната македонска, турска, албанска и ромска народна носија.

СОРАБОТКА СО КОЗМЕТИЧКОТО СТУДИО „ГОРКО“

Во рамките на соработката со локалната заедница, смерот лични услуги оствари соработка со козметичкото студио „Горко“ каде ја изведуваме нашата практична настава. Во козметичкото студио „Горко“ се откриваат тајните за нега и шминка на лице. Исто така се увежбуваат и сите останати содржини предвидени со програмата. За да имаме успешна пракса се грижи и сопственикот Игор Горко кој несебично ги споделува сопствените искуства.



Со козметичкото студио „Горко“ исто така беше остварена соработка при што добивме пакет козметички производи, кои ги користиме за увежбување на декоративна шминка.

Како резултат на соработката со козметичкото студио „Горко“ во март 2022 г. беше остварен отворен ден на струката Лични услуги, каде се демонстрираа различни стилови на шминка. Учество зедоа учениците од I, II I III година.



Настанот беше остварен во клубот „Везилка“. Им благодариме на сите за несебичната поддршка.

СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ГО ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСНОСТА ЗА АУТИЗМОТ – 2 АПРИЛ

Под мотото „Отворен свет за сите – подигнување на свесноста за аутизмот“, СОУ „Таки Даскало“ - Битола, со бројни активности и со музичко-поетски настан го одбележа Светскиот ден за подигнување на свесноста за аутизмот – 2 Април. Завршната приредба се одржа под мотото: „Отворен свет за сите“, со изведби на класична музика и музички перформанс, а беа доделени и награди за најдобрите творби кои учествуваа на литературниот и ликовниот конкурс.



Ученикот Иван Стефановски, од III 4, графичка струка, графички уредник-дизајнер, на пијано изведе композиции од Бетовен и Моцарт, а музички перформанс имаа и ученициte Ксенија Мано од III 12 билингвална гимназија, на гитара, Горјан Толевски од III 11 гимназија, кахон, Јана Станиновска од I 2 сообраќајна струка, Сара Муратовска и Петар Дамјановски од I 12 билингвална паралелка, вокали, под менторство на професорот по музичка уметност Христијан Петковиќ.



На литературниот конкурс, првата награда за литературна творба ја освои Марија Сирвини II 12, билингвална гимназија, за песната „Отворен свет за сите“, втората награда ја освои Васка Стојанова од I 7 градежно-геодетска струка, за песната „Сина светулка“, третата награда Ангела Поп Гиноска од II 12, билингвална паралелка, за песната „Отворен свет за сите“, а Викторија Митевска од I 7, градежно-геодетска струка доби благодарница за есејот на тема „Отворен свет за сите“.

На ликовниот конкурс наградите ги добија Христина Терзијевска од III 8, лични услуги, техничар за козметичка нега и убавина, Андреја Темова, од II 10 гимназија, а третата награда ја добија Марија Сирвини од II 12, билингвална паралелка и Анастасија Богојовска од II 2 сообраќајна струка, техничар за патен сообраќај.



СОРАБОТКА СО РСБСП ВО КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ



СОУ „Таки Даскало“ - Битола оствари соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со вклучување во кампањата на РСБСП „И јас и ти - сите сме пешаци! Безбедноста на прво место!“.



Во март и април 2022 год. учениците од графичката струка дизајнираа тефтерчиња со свои пораки за безбедност на пешаците, а на 9 април 2022 год., со учениците од училишната сообраќајна единица, студенти од Факултетот за безбедност и припадници од СВР Битола - сектор за превенција, ги дистрибуираа на пешаци заедно со едукативно-превентивен материјал подготвен од РСБСП. Активностите се одвиваа под менторство на: Гордана Кожуваровска - претседател на РСБСП, Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева, наставници по графички стручни предмети.



ТИШИНА, СЕ СНИМА!
(ИЛИ МАЛКУ ПОИНАКВА НАСТАВА)




Во тек е снимањето на радио драмско CD во рамките на проектната, воедно театарска активност под менторство на професорките по англиски јазик Наташа Котевска и Валентина Богојовска, со билингвалните паралелки I 12, II12 и III12 од СОУ „Таки Даскало“. Изведуваме драми од различни автори од англиското говорно подрачје, со забавен карактер, актуелни теми и многу привлечни за нас. Снимањето се врши во просториите на Техничкиот факултет во Битола. Во поглед на снимањето, бевме пречекани со раширени раце од Американското катче во Битола. Со голема желба и соработка во најскоро време ќе се изготви финалниот продукт.





Прилогот го подготвија:
Симона Котевска и
Ана Анастасова III 12

БРОЈНИ АКТИВНОСТИ НА УМЕТНИЧКИОТ АКТИВ



На 23.3.2022 година се одржа изложба во Центарот за култура организирана од Американско катче со учество на ученици од сите години. Со ликовни творби под менторство на Билјана Исијанин и Љубица Мешкова Солак, дела на учениците: Ивана Велковска, Тодора Велковска (IV-5), Ксенија Мано, Ангела Атанасовска (III-12), Викторија Митевска, Васка Стојанова, Ана Николоска (I-7), Сања Никола, Христина Никола (II-10).



II-8, 5.10.2021 год. - Работилница за културно-историско наследство во НУ Завод и музеј -Битола со Ирена Ружин на тема: “Пристапноста на поставката за лицата со попреченост”, презентација на тактилни слики и видеа на знаковен јазик (во склоп на “Денови на европско културно наследство”). Предметен наставник Билјана Исијанин



III-12, 20.9.2021 год. - Реализирана работилница во Американско катче (ликовна уметност со Билјана Исијанин)

8.3**.** 2022, **III-12** - Училишна изложба ОТПОР (ликовна уметност со Билјана Исијанин)**.** Користејќи повеќе видови медиуми (цртеж, колаж, скулптура, фотографија,видео) делата на учениците од трета година билингвална јазично-уметничка насока прикажаа одредени појави од општествениот и социјалниот амбиент кои комбинирани заедно создадоа една современа визуелна поставка како одговор насочен против светот на моќните.



УЧЕСТВО НА ОБУКИ И ПРЕДАВАЊА

Учество на обука на воспитно-образовниот кадар на тема: „Современи концепти на средното образование - нова улога на наставникот и новите стратегии на подучување и учење“ во организација на Бирото за развој на образованието на 2 октомври 2021 година.

Учество на обука на вработените во училиштето на тема: „Безбедност и здравје при работа“ во организација на МОН, ДПИ И МТПС на 20 октомври 2021.

Учество на обука на тема: „Спречување и борба против трговија со деца“ организирана од МОН и БРО на 26 ноември 2021 година. Во обуката беа вклучени наставниците: Евгенија Маневска и Весна М. Трајковска, и стручните соработници: Славица Наумовска, Марија Младеновска-Димитровска и Наташа Вучкова.

Училишните психолози: Марија Младеновска-Димитровска, Славица Наумовска, Мирјана Гичевска и Наташа Вучкова зедоа учество на онлајн настан - научен семинар „Денови на психологијата“ на Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романовиќ-Державин“, одржан на 28 и 29 ноември 2021 год.

Онлајн предавање во рамките на вториот серијал предавања од Платформата за психолошка поддршка - „Помеѓу нормалното и патолошкото“, организирано од факултетот за Психологија при Меѓународниот Славјански Универзитет на 22 март 2022 година. Учесници беа училишните психолози: Славица Наумовска, Мирјана Гичевска, Марија Младеновска и Наташа Вучкова.

ПРАКТИЧНИ И ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ НА ГЕОЛОШКО-РУДАРСКАТА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА



Прилепски рубин

Минерали како украсни кристали, минерали како суровини за добивање на метали, карпи како градежни материјали и украсен декоративен камен се присутни насекаде околу нас.

Но дали некогаш сте се запрашале од каде истите доаѓаат?

Времето во кое денес живееме е време на примена на современите технологии. Компјутери, дронови, роботи, паметни телефони, електрични автомобили, ласери, наоѓаат сè поголема примена во сите сектори. Сите овие производи на современото време не би можеле да постојат без: литиум, силициум, бакар, алуминиум, цинк, никел, калиум, паладиум, тантал, волфрам, хафниум и други неопходни суровини чие користење денес, како по количини, така и по разноврсност сè повеќе се зголемува.

Но дали некогаш сте се запрашале од каде доаѓаат сите овие суровини?

Одговорот на овие прашање треба да ги побарате во геологијата, рударството и металургијата.



Аметист од рудникот „Злетово“

Како што се зголемуваат потребите од овие материјали, така се зголемуваат и притисоците врз геологијата и рударството да пронаоѓаат нови лежишта, некогаш дури и на големи длабочини во Земјината кора и да ги ископуваат овие драгоцени материјали.

Нашите ученици во геолошко рударската струка за време на нивното образование се спремаат да одговорат на барањата на стопанството, односно да пронајдат и да обезбедат корисни минерални суровини за неговите потреби.

Подготовките на учениците во геолошко рударската струка во училиштето се состојат од теоретска настава и вежби.



Кабинетска настава

За време на наставата во училиштето, учениците ги проучуваат карпите од кои е изградена Земјината кора, петрогените минерали кои влегуваат во нивниот состав, како и корисните минерали и нивната примена во индустријата.

Ги проучуваат начините и методите на откопување на минералните суровини и применетата механизација за ископување и транспорт на рудата.

Знаењата кои учениците ги стекнале во училница и кабинет, на терен ги трансформираат во вештини и способности. За време на теренската настава учениците се обучуваат успешно да се ориентираат со помош на геолошки компас; се оспособуваат во секој момент да го пронајдат своето стојалиште на топографската карта; од теренот да собираат геолошки податоци, како и примероци од карпи и минерали кои дополнително ќе ги испитуваат во кабинет.



На пракса во рудникот „Суводол“

Начините на откопување и методите на откопување, како и применетата механизација за откопување, најдобро се учат на пракса во рудник. Еден ден во седмицата учениците од рударско геолошката струка, заедно со нивните предметни наставници за пракса го посетуваат рудникот „Суводол“ или „Брод- Гнеотино“ каде што се изведува откоп на јаглен за потребите на термоелектраните РЕК Битола.

Под надзор и со водство на одговорни лица од рудникот и со нивна несебична помош, учениците се упатуваат во тајните на рударскиот занает.

Освен како организатори на работата наши ученици успешно се покажаа и како ракувачи со рударските машини, за што сведочи големиот број на ученици кои после завршувањето на средното образование се вработиле како ракувачи на рударски машини. Тие секојдневно учествуваат во откопувањето и транспортирањето на рудата и јаловината во рудникот со што придонесуваат за непречено производство на електрична енергија која денес толку многу ни е неопходна, што не можеме да замислиме животот без неа.



Ископ на јаловина во рудник „Суводол“



Во посета на рудникот за гипс „Кнауф“ - Дебар

Со Годишната програмата за работа на Активот по рударство планирани се и посети на рудници низ Македонија како: „Сивец“ - рудник за мермер во близина на Прилеп; „Кнауф“- рудник за гипс во близина на Дебар; рудникот за бакар „Бучим“ - Радовиш како и рудниците „Злетово“ и „Саса“ со подземен начин на откопување на металична руда од олово и цинк.

Сообраќајна струка

УЧИЛИШНА СООБРАЌАЈНА ЕДИНИЦА



Училишната сообраќајна единица (УСЕ) на СОУ „Таки Даскало“ - Битола е формирана на 19.11.1988 година и оттогаш до денес активно функционира под менторство на м-р Гордана Кожуваровска, наставник по сообраќајни стручни предмети. Во УСЕ вклучени се ученици од II, III и IV година сообраќајна струка. Учениците активностите ги изведуваат заедно со СВР Битола (отсек за превенција), а најчесто регулираат сообраќај во Битола, во присуство на овластени лица, особено за време на државни и верски празници, како и секаде каде што има потреба, а активно учествуваат во сите кампањи за едукација, како и во активности за дистрибуирање на рекламен материјал за унапредување на безбедноста во сообраќајот.




На 4.3.2022 година учениците од УСЕ во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Отсекот за превенција при СВР Битола реализираа превентивни активности во рамки на кампањата ,,Паркирај совесно! Паркирај одговорно!" Исто така, ги потсетија возачите на моторни возила за задолжителното носење на зимска опрема во возилата до 15.3.2022 година.





ПАРКИРАЈ СОВЕСНО
ПАРКИРАЈ ОДГОВОРНО!

ЕКО АКТИВНОСТИ НА СООБРАЌАЈНАТА СТРУКА

Учениците од III 2 сообраќајна струка, техничар за патен сообраќај, под раководство на класниот раководител Драгица Здравковска по повод Денот на пролетта организираа еко активности со садење на цвеќиња и украсување на училницата и ходникот, како и изработка на проекти за екологија со многу интересни и едукативни еко пораци и изработка на производи од рециклирани материјали.













РАБОТИЛНИЦА ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ



На 4 април 2022 год. учениците од III 2 сообраќајна струка, техничар за патен сообраќај, на класен час под менторство на класниот раководител Драгица Здравковска имаа работилница на тема: „Различни, а исти“ - „Мултикултурна кујна“ каде учениците имаа дома направено традиционални јадења од повеќе национални кујни (бидејќи паралелката има ученици од повеќе националности: Македонци, Албанци, Турци, Роми). На часот беа поканети Директорот на училиштето Ристо Грујовски, заменикот директор, педагошката служба и професори, за дегустација на вкусните јадења, интересни разговори и дискусија околу различни традиции и обичаи. Посебно се зборуваше за претстојниот муслимански празник Рамазан Бајрам, за кој учениците се придржуваат за нивните обичаи.







СООБРАЌАЈНА СТРУКА – соработка со локалната заедница



На ден 14.12.2022 год. паралелката III 2 имаше соработка со локалната заедница – посета од МВР на која претставниците од МВР им предаваа на учениците врз основа на проектите за „Меѓуврсничко и виртуелно насилство“ и „Безбедно во сообраќајот“.



На ден 28.3.2022 год. повторна соработка со презентација, предавање и дискусија на тема од проектите на МВР: „Полицијата и граѓаните зааедно“ и „Безбедно во сообраќајот“.


На ден 28.3.2022 год. во организација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, проф. Вен Нашоку за учениците од IV год. од училиштето изврши презентација со наслов: „Матуранти - почитувајте ги правилата и прописите во сообраќајот“ со превентивна цел на младите како „возачи-почетници“.







Градежно-геодетска струка



„И патувањето од илјада милји започнува со еден чекор!”

Изучувај архитектура и градежништво на градежно – геодетската струка во СОУ „Таки дакало”, совладувај чекор по чекор до реализирање на твојот сон за идна професија, ***ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ или ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР****!*

АРХИТЕКТУРАТА и ГРАДЕЖНИШТВОТО се одраз на потребите, вредностите и интересите на различни човечки општества во текот на историјата, но се исто така и важни културни манифестации кои овозможуваат да го разбереме начинот на кој човечките суштества се поврзуваат со својата околина долго време наназад.

Проектантот треба да го прати развитокот на градежните материјали и конструкции, при тоа, да го познава минатото и сегашноста, да се надоврзе на традициите на градење, секогаш гледајќи напред во иднината.

Архитектурата е активност на човекот која има за цел да проектира згради (објекти), архитектонски композиции и комплекси кои ќе ги задоволат социјалните и идејноуметничките потреби на едно општество.

Проектирањето пак, претставува врвен мисловен процес во кој смислено се оформува просторот.

Проектантот треба да го прати развитокот на градежните материјали и конструкции, при тоа, да го познава минатото и сегашноста, да се надоврзе на традициите на градење, секогаш гледајќи напред во иднината.


Проектирањето е спој меѓу техниката и уметноста!

Градежништвото интервенира во физичката реалност и наоѓа соодветни решенија за потребите на човекот.



СОУ „Таки Даскало” располага со современо опремен кабинет за градежно – геодетската струка. За архитектонските и градежни техничари, изработката на техничка документација, проектирање и статичка пресметка е олеснета и доведена до професионално ниво со употреба на соодветните софтвери со кои располага овој кабинет: AutoCAD, Archicad и Radimpex. Учениците се мотивирани во школувањето и со задоволство црпат знаење, водени во образовниот процес од стручните наставници. Овие ученици сигурно чекорат до реализација на нивната амбиција да станат **АРХИТЕКТИ И ГРАДЕЖНИЦИ = креатори на идната реалност**.






Изработка на Проект (основа, пресеци и фасади) во програма Auto CAD со учениците: Евгенија Костовска, Сибел Ридван, Нина Димеска и Веџи Тефиковски, ученици од II година, архитектонски техничар.





Решавање на Кров на зададена основа со учениците: Ајла Ѓорчевиќ, Мартина Поповска и Александра Божиновска, ученици од III година, архитектонски техничар.












Изработка на Програмска задача - За даден објект да се усвои конструктивен систем (да се одредат прелиминарни димензии на елементите и да се исцртаат кофражни планови на темели, основи и пресеци) по предметот Бетонски и Армиранобетонски конструкции. Задачата ја работеа учениците од III година: Ветон Адеми, Благојче Богдановски, Јашар Исламоски, Меди Керимоски и Антониј Стојановски.



Изработка на макета - Школскиот двор на СОУ "Таки Даскало " - Битола. Учество во изработката, ученици од III година, архитектонски техничар: Бојан Поповиќ, Михаил Тунтевски, Давид Методи и Иван Талевски IV година архитектонски техничар.

Благодарност до учениците од II година: Дарко Драгарски, Андреј Макаловски и Митат Елмазов IV година, профил градежен техничар. Учениците беа вклучени во премерување т.е добивање на точни димензии за објектот (училиштето), за понатамошно исцртување на проекти за реконструкција на СОУ "Таки Даскало " - Битола.

Секогаш на терен, вклучени во градежните активности на современите тековни случувања во градот од областа на архитектурата и градежништвото, учениците имаат можност одблиску да се запознаат со проектната документација, градежните материјали и современите градежни технологии на градба.

Станбени згради ГП Пелистер – Комплекс АРМ












Изградба на северна трибина од функционалната целина Стадион ,,Под Тумбе кафе” - Битола







Реконструкција на хотел ,,Епинал” – Битола, сместувачки капацитет и спа- центар




Нов Старски дом во,,Касарната” – Сместувачки капацитети за стари лица











Колективна станбена зграда ,,АРИА“

Текстилно-кожарска струка

Активности на секторот Текстил, кожа и други производи

Во септември, 2021 година, ученичките од IV 5 година, Ѓула Рустемова и Нигер Рушидоска, учествуваа на изложба на скулптури од отпад, кои беа претставени на Офф-програмата на Манаки. За изработките беше користен текстилен отпаден материјал.







Октомври, 2021 година, во соработка со Организација на жени - Битола, беше организирана посета на модната дизајнерка Ирина Тошева на модното студио на текстилната насока. Исто така, учениците од I 6, II 6 и IV 5 имаа прилика да го посетат и 24-тото издание на Моден викенд, кој се организираше во просториите на старата железничка, Битола.








Истиот месец модното студио беше домаќин на познатиот театарски костимограф Благоја Мицевски, кој одржа кратко предавање на тема мода, костимографија, историја на мода.



Во месец декември 2021 год., во текстилната работилница се одржаа неколку работилници за изработка на брошеви и новогодишни украси. За изработка на брошевите беше користена техника на рачно везење со монистра.



Беа изработени и новогодишни украси од текстилни материјали со везени мотиви и хартија со печатени мотиви.













Во февруари 2022 год. учениците од II и IV година (техничар за дизајн на облека) дизајнираа и изработија престилки за ресторанот КУС-КУС, Битола.



Последната недела од месец февруари се реализираа неколку работилници со учениците од I и II година, техничар за дизајн на облека, со цел едукација и подигање на свеста за ретките болести.



Март е месец на мартинките и месец на цвеќето. Текстилците во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола изработија прекрасни мартинки во црвена и бела боја за нашите верни читатели.





Голема чест е претставување на текстилната насока со везени изработки на делови од македонската народна носија од волна, на вториот организиран Европскиот ден на волната 9 Април 2022, настан со меѓународно значење.



Графичка струка


Во учебната 2021/2022 година, графичката струка реализираше повеќе работилници во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола. Во активностите беа вклучени ученици од сите паралелки од струката, под менторство на Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева, наставници по графички стручни предмети, и Гордана Ѓоргиевска-Неделковски од НУУБ „Св. Климент Охридски“.

„Тефтерчиња со пораки за книгата и читањето“ по повод Месецот на книгата, 19-20 октомври 2021 г.



Книгите искрат идеи. Зграпчи ја твојата и распламти ја.... НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола по повод Месецот на книгата, во соработка со СОУ „Таки Даскало“ - Битола реализира работилници за изработка на тефтерчина на чија корица беше испечатена порака за книгата и читањето. Учениците во првата фаза го спроведоа процесот на класифицирање на ливчињата и кориците на тефтерчињата, за потоа и нивна целосна изработка. Преку оваа работилница учениците имаа можност да учат, но и да се забавуваат.

„Обележувачи за книги и картички со поезија од Конески“ по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески, ноември 2021 г.



По повод 100 годишнината од раѓањето на писателот Блаже Конески, учениците од II и IV година графичка струка, цел месец работеа на изработка на обележувачи за книги и картички со поезија од писателот Блаже Коневски.Секоја изработка е уникатна, а секоја творба беше внимателно избрана од учениците за да одговара со изработката. Учениците уште еднаш покажаа голема заинтересираност и со огромна љубов и внимание ги изработија обележувачите и картичките.

„Тефтерчиња и обележувачи за книги со пораки за љубовта“, февруари 2022 г.



„Љубовта е чувство кое ја компонира најубавата музика“. Во текот на месец февруари 2022 г. во графичкиот кабинет и кабинетот за инклузија на СОУ „Таки Даскало“, се одржаа повеќе работилници за изработка на тефтерчиња и обележувачи за книги со пораки за љубовта. Учениците од втора и четврта година графичка струка, ги воодушевија читателите на Библиотеката со подароци - тефтерчиња и обележувачи со интересни дизајни, кои им беа подарувани на Денот на виното и вљубените.

ГРАФИЧКА МАТЕМАТИКА



Графичка математика 😊... 14 март, Меѓународен ден на бројот Пи, одбележан на најразлични начини. Годинава учениците од втора година, графичка струка и професорката Катерина Спасовска-Маурдева имаа чест да бидат мал дел од големиот број настани на учениците од ОУ „Св. Климент Охридски“ - Битола и наставничката Снежана Захариева.



ЛИКОВНО-ГРАФИЧКИ РАБОТИЛНИЦИ

„Уметничка графика - сува игла“, работилници за изработка на цртежи во техниката сува игла и нивно печатење во графичкиот кабинет, ноември 2021 г. - април 2022 г.

Убаво е кога ќе се спои задоволството и работата на часовите. Учениците од прва, втора и четврта година графичка струка заедно со своите професорки Љубица Мешкова Солак, наставник по ликовна уметност, Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева, наставници по графички стручни предмети, практично го применија стекнатото знаење за печатење со техниката „Сува игла“. Процесот на работа се одвиваше во графичкиот кабинет. Самата постапка не е многу лесен процес, но е многу интересен. Најпрво на метална плоча го цртаме оригиналниот дизајн, а потоа го длабиме и на тој начин ја изработуваме печатарската форма за оваа техника на умножување. На металната плоча се нанесува погуста боја која ќе ги исполни вдлабнатините, а вишокот на боја се отстранува со весникарска хартија. Се печати на навлажнета хартија со помош на рачна преса за печатење.

За некои од учениците ова беше прво печатарско искуство, па така задоволството беше уште поголемо. Ваквиот спој на учење и практична работа ги прави часовите поинтересни, а стекнатото знаење останува трајно запамтено.

ЧЕСТИТКИ ЗА НОВА ГОДИНА



Како и секогаш уникатни и креативни, учениците од сите паралелки од графичката струка се вклучија во работилници за изработка на новогодишни честитки по сопствен дизајн и на свој начин им посакаа најубави желби на нашите сограѓани. Во пресрет на новогодишните празници рачно изработија новогодишни честитки кои разбудија голем интерес кај посетителите на нашиот продажен штанд. Продажбата надополнета со смеа и другарување на температури под нулата, резултираше со набавка на апарат за заоблување неопходен за графичка доработка на производите во графичкиот кабинет. Активностите се одвиваа во ноември и декември 2021 г. под менторство на професорите-графичари: Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева, Снежана Паскова, Валентина Ристеска, Миле Атанасоски и Мери Цицковска.



РАБОТИЛНИЦА СО „АМОС“

„Заедно и гласно против насилството и булингот во училиштата" беше заклучокот на учениците од графичка струка по одржаната работилница во соработка со Здружението за човекови права „ АМОС“ од Битола. Актуелната тема од животот на младите беше анализирана заедно со едукаторите Билјана Темелковска-Бејковска и Даниела Јовановска. Разменувајќи ги своите размислувања, учениците, но и возрасните ги збогатија знаењата и искуствата од своето секојдневие. Одговорни наставници беа: Катерина Спасовска-Маурдева и Весна Мундишевска-Велјановска.

Прилозите ги подготвија: Мартин Јаневски, Јована Цветановска и Теодора Цветковска I 4

Гимназиско образование









Уметноста - наше секојдневие

Во билингвалните гимназиски паралелки ја цениме уметноста и сме многу активни на тоа поле. Уште од почетокот на годината почнавме со активности заедно со Американското Катче Битола. Имавме работилница посветена на изработување стипови и учење за нив.

Учениците од III 12 клас јазично-уметнично подрачје Б заедно со професорката по ликовна уметност Билјана Исјанин поставивме изложба во ходникот на II кат во блок А. Темата на изложбата е „Отпор“ против консумеризмот и општествените норми, предрасудите и очекувањата. Во изложбата учествувавме со цртежи, скулптури, фотографии и видеа. Изложбата беше отворена на 8ми Март 2022 година.

Бевме дел и од изложбата на Американското Катче Битола по повод месецот на жените со тема ,,Women Through the Eyes of the Youth” со наши творби. Изложбата беше поставена во Домот на Културата.

Прилогот го подготви: Ксенија Мано III 12

Креативни и социјално свесни

На 09.03.2022 на часот по англиски јазик се одржа MOVIE DAY од страна на Американското катче на кој беше прикажан филмот со социјална тематика ,,Hidden Figures”. Филм во кој се раскажува за три Афро-американски жени во 60тите години од минатиот век кои пробуваат да се пробијат во научниот свет, односно во НАСА и се сооочуваат со многу препреки како расна сегрегација која била доминантна во тогашниот период од историјата на САД.



За таа цел, професорката по англиски јазик Валентина Богојовска ни даде задача да напишиме статија околу оваа и така тешка тема за обработување. Темите опфаќаат дискриминација, расизам, погрешно третирање, тешки предизвици во кариерата и за крај ,,скриените фигури“ во моето општество.

Смислата на оваа задача е ние, новата генереација, да застанеме цврсто зад добрите нешта и да го подигнеме нашиот глас, нашиот критички став против лошите појави во општеството.

Прилогот го подготвија: Антим Атанасоски и Алексеј Илијовски III 12

Науката владее со светот, ние владееме со науката!

Учениците од билингвалната паралелка III 12, природно-математичко подрачје Б во СОУ „Таки Даскало“, под менторство на професорката по физика Татјана Црнец, изработија проекти од областа на звучните бранови, нивната примена, Bluetooth и појавите како Аурора Бореалис. Истите беа презентирани од страна на нивните креатори на забавен, интерактивен начин, на македонски и на англиски јазик. Ваквиот

начин придонесе учениците лесно да ги впијат информациите и подоцна да ги применат. Дополнително учениците од I 10, I 11 и I 12 изработија макети за лесно доловување на комплексните теми за екологијата и хидростатскиот парадокс. Во наредната тема учениците од III 12 изработија и проекти придружени со демонстрации за однесувањето на светлината кога минува низ леќи.





Прилогот го подготвија: Ева Ѓоргиевска и Ева Сиваков III 12

Нагледен час по историја

Како да се научи за Османлиската власт во Македонија и тимарско-спахискиот систем?🤔🤔🤔

Професорот Роберто Трајковски по историја го знае најдобриот начин! Ние, учениците од билингвалната паралелка II 12 излеговме "на терен" и истражувавме на оваа тема разгледувајќи ги најважните историски споменици од Османлискиот период во нашата Битола, како што се безистенот и Саат кулата во Битола.



Изработиле: Леонид и Лука Ризански II 12

ВО ЗДРАВО ТЕЛО, ЗДРАВ ДУХ 💪💪💪

Под водство на професорот Борко Тромбев, учениците од II 12, билингвална гимназија, часовите по проектната активност Спорт и спортски активности ги реализираат во просториите на фитнес клубот „ФИТ АЛФА“ - Битола. Физичката активност ја извршуваат во одлични услови, на супер модерни справи, следејќи ги инструкциите и советите на својот професор. Сето ова дава огромен придонес во физичкото и психичкото здравје и правилниот развој. Вака освежени, со леснотија се соочуваат со секојдневните обврски во и надвор од училиштето.



"НАПРАВИВМЕ ИГРА БЕЗ ДА ИСПУКАМЕ НИТУ ЕДЕН КУРШУМ"

Со ова силно мото, благодарение на прекрасната континуирана соработка со професорката Евгенија Маневска, билингвалните паралелки ја имавме честа и можноста на 15.09.2021 (среда) во објектот „Кино Манаки“ на ЈОУ Културен и Информативен Центар Битола, да бидеме дел од презентацијата на видео играта „The Rude Awakening".



Играта, која нè враќа во животот на војниците за време на Првата светска војна. „The Rude Awakening" е мултимедијално патување по стапките на секојдневниот живот на војниците на фронтот од Првата светска војна и ја раскажува историјата со поглед кон иднината.

Сара Јаневска и Андреа Шлакеска II 12

Угостителско-туристичка струка

ХОТЕЛСКО - ТУРИСТИЧКИ ТЕХНИЧАР

Што е хотелско – туристички техничар?

Хотелско-туристички техничар е квалификација која се стекнува со завршувањето на четиригодишното образование. Хотелско-туристичкиот техничар извршува работни задачи во угостителско-туристички објекти и тоа:

- Резервација на услуги и софтверски програми во работењето,
- Креирање производи и услуги по желба на гостите,
- Врши работни задачи при пречекување, сместување и испраќање на гостите,
- Пресметува и наплаќа хотелска сметка за користените услуги, од страна на гостите во објектот

За нашите активности и нашите соработници

Реализацијата на нашата наставна програма и феријалната пракса како дел од истата, нашата струка ја извршува во повеќе угостителско-туристички објекти, а како поважни би ги споменале:



- Хотел „МОЛИКА“, кој се наоѓа на Баба Планина, во Националниот парк Пелистер. Хотелот е капацитет од трета категорија (3 ѕвезди), и располага со 57 соби,



еднокреветни, двокреветни, трокреветни и три апартмани. Хотелот располага со ресторанска сала со 170 седишта и две конференциски сали со 40 седишта, и летна тераса со 80 седишта.

Дел од нашите ученици реализираат феријална пракса во хотелот „Молика“, со што се стекнуваат со вештини и знаења неопходни за понатамошното школување.

Хотел и ресторан „КОРЗО“- Битола



- Еден од нашите најдобри соработници е хотелот и ресторан „Корзо“. Благодарение на потпишаниот договор за соработка со нашата струка, учениците во текот на цела учебна година ги посетуваат двата објекти каде сме одлично пречекани од вработените, кои со задоволство го пренесуваат нивното знаење на нашите ученици. Многу наши ученици тука реализирале феријална пракса, а интересот кај нашите ученици се зголемува се повеќе од година во година.

- Хотел „ЕПИНАЛ“- Битола

Наш многу драг и ценет соработник е и хотелот „Епинал“, со кого нашата струка има одлична соработка, и каде што исто така ние сме искрено пречекани од сите вработени и од раководниот тим на хотелот.





➦ Ресторан „ХРИЗАНТЕМА“ с. Д.Оризари

Ресторанот „Хризантема“ е наш одличен партнер, каде секогаш сме со задоволство примени во секое време, и како ученици практиканти и како нивни гости. Вредно е да се напомене дека во ресторанот „Хризантема“ наши ученици веќе се вработени и се дел од нивниот тим, за што им сме особено благодарни.

Нашата струка во план има проширување на соработката и со други угостителско-туристички објекти, меѓу кои би ги споменале:

- Рибен ресторан „КЕРМЕС“-Прилеп, кој и до сега е наш спонзор,
- Хотел „КАПРИ“- Битола, каде веќе сме реализирале практична настава, и
- Вила „ДИХОВО“- Дихово, како најрепрезентативен претставник на руралниот и еко-туризам.



Со неколку фотографии ќе претставиме и дел од активностите во нашата струка:





Уметничко-креативна.работилница
„Осмомартовски цветен колаж на позитивни емоции“

На 7 март 2022 година беше реализирана психоедукативна уметничко-креативна работилница „Менталното здравје и креативност“ на тема: „Осмомартовски цветен колаж на позитивни емоции“. Емоционално процесирање на позитивните емоции кај учениците - нивно препознавање, изразување, пронаоѓање на автентичен и адекватен израз и нивно генерирање на можности за создавање на арт продукти во кои се вградени нивните перцепции, визуализации, внимание, когниција, графомоторика, естетика и чувственост. Стимулирањето на позитивни идеи на креативност, естетско изразување и хармоничност, делотворно делуваат во одржувањето на менталното здравје и менталниот развој на учениците.



Во согласност со протоколите за Ковид 19, во реализацијата на работилницата беа вклучени учениците од I и III година на образование од угостителско-туристичката струка. Организатори и реализатори на работилницата беа: Славица Наумовска - училишен психолог, Николче Ѓелевски - наставник по стручни предмети и Ема Ќука - наставник по ликовна уметност.

Лични услуги

Козметичките препарати се производи кои се користат за одржување на функцијата и отстранување на недостатоците на кожата, за нега на забите и усната шуплина, како и за подобрување на изгледот на кожата и нејзините израстоци.

Правењето на природни средства за нега во сопствените домови не значи само можност за заштеда и забава туку значи и правење на козметички производи што се свежи (направени во моментот) и богати со активни состојки што се од огромно значење за здравјето и за убавината на кожата и косата.

Јована Ангеловска III 8

Маска за нега на коса

Маските за коса се брз и ефективен начин да ја потенцирате убавината на вашите прамени. А домашно приготвените маски за коса се најдобри затоа се целосно природни маски.

Ќе ви презентирам неколку рецепти за маски кои ќе ја ревитализираат вашата коса и ќе ѝ го дадат потребниот блесок и цврстина.

Сонита Рифат III-8

ЗА СУВА И ОШТЕТЕНА КОСА



Состојки:

- 1 банана
- 1 јајце
- 1 лажица мед
- 1 лажица маслиново масло

Во чист сад изгмечете ја баната.Јајцето скршете го во одделен сад и убаво изматете го, а потоа, соединете ги во еден сад.На крај, додадете го медот и маслиновото масло, и убаво измешајте.Готовата хранлива маска нанесете ја на косата и оставете да делува 30-40 минути, а потоа измијте ја.Можете да ја користите еднаш неделно

ДОМАШНА МАСКА КОЈА ЌЕ ГО ПОТТИКНЕ РАСТОТ НА КОСАТА

Ви нудам едноставна маска која не само што ја потхранува и навлажнува косата, туку исто така и го стимулира нејзиниот раст.



Потребни состојки:

- 1 јајце
- 1 банана
- половина чаша темно пиво
- 1 лажичка мед

Измешајте ги сите состојки заедно. Добиената хомогена смеса нанесете на врз косата и завиткајте ја со пешкир. По еден до два часа измијте ја косата на вообичаениот начин, со шампон и други средства за нега кои ги користите. Повторувајте ја постапката еднаш неделно.

ПИЛИНГ



Можеби сте слушнале за поимот пилинг можеби не, па еве да ви помогнам. Пред сè пилингот се користи за нега на кожата, тој се применува на лицето, телото, рацете.

Ефектите од користењето на пилинг се следни:

• Се отстранува површинскиот (мртвиот) слој од епидермисот на кожата, а со тоа се постигнува и подобра и побрза регенерација на епидермисот

• Се подобрува циркулацијата на крв во кожата.

• Длабинско чистење на кожата

• Помага за подобра апдорпција на сите хранливи и други потребни елементи од останатите препарати што се нанесуваат во понатамошниот процес на третманот.

Постојат повеќе видови на пилинзи: со погруби и пофини (поситни) гранули.

Ова е мехнички пилинг и со втривање на истиот врз кожата, механички се отстрануваат мртвите клетки од епидермисот и се ослободуваат порите на кожата.

Гранулите можат да бидат од коски од овошје како на пример: коска од кајсија, коски од цреши, гранули од шеќер, гранули од кафе, кивите се исто така користени и јаготки. Крупните овошни коски се мелат дури да се иситнат.

Откако ви разјаснив што е тоа пилинг, сега ќе ви кажам и домашен рецепт.

- се става две до три лажици шеќер, се става кокосово масло или масло по желба. Доколку сакате можете да ставите и есенцијално масло за пријатен мирис.

Ана Петровска III 8



ШМИНКА

Лицето се шминка за да се разубави, или да се прикријат некои негови недостатоци. Шминката значи усогласување на боите. Таа се заснова на играна светлоста и сенките, и на техниката на размачкување на боите.

Убавата шминка зависи од типот и составот на кожата. За убавата кожа потребна е редовна нега, чистење, потхранување и навлажнување. Тајната наубавото шминкање, главно лежи во убавата кожа, а нејзини големи пријатели се сонот и водата.

Има секојдневна шминка и шминка за свечени пригоди.

Постапките за шминка се вршат во неколку чекори,а тие се:

1. Хидратантен крем-за подготовка и хидратација на лицето
2. Течна пудра-течната пудра служи за покривање на недостатоците и изедначување на тенот на кожата
3. Коректот-служи за покривање на темните кругови околу очите
4. Камен пудра-служи за фиксирање на коректорот и проблематичните делови како што е Т-зона

Најчести козметички преперати кои се користат за шминкање на лицето се.

Сенки за очи Сенката за очи е козметика која се применува првенствено на очните капаци за да се истакнат очите на носителот или да изгледаат попривлечно.

Маскарата се користи за давање волумен и должина на гтрепките.Ги има во црна и кафеава боја.Составени се од маскла,восоци,конзерванси и пигменти

Кармин Правилната боја на кармин ќе ти го осветли тенот,ќе ги истакне очите и целосно ќе даде блескав изглед. Пред нанесување на карминот ставете балсам за усни затоа што ќе ви ја хидрира истата.








При избор на декоративна козметика треба да се внимава, бидејќи шминката покрај тоа што го разубавува лицето, исто така и ја негува кожата. Треба да се купува шминка според типот на кожта (нормална, мрсна, сува и комбинирана).

Изработиле II 9

Надоградба на нокти (со гел)

1.Првиот чекор за надоградба на гел нокти е да се обезмаст природниот нокт да се истуроира нежно површинскиот дел.
2. Вториот чекор е да се залепат вештачките нокти(типси).
3.Третиот чекор е да се поткренат кутикулите и да се отстранат со помош на специјална алатка и електрична турпија за подобар естетски изглед
4.Четвртиот чекор е да се обликува според желба.
5.Петтиот чекор е да се нанесе мал слој ДИХИДРАТОР.
6.Пестиот чекор е да се нанесе мал слој на ПРАЈМЕР.
7Седмиот чекор е да се нанесе БАЗА ,базата се суши во uv ламба околу 60 секунди . Од како ке се исуши се брише со алхохол.
8.Осмиот чекор се става тенок слој на гел се пече 60 до 80 секунди ,од како се исуши тенкиот слој од гелот се нанесува уште еден подебел слој се обликува убаво за да има апекс и се суши . Одкако ќе се исуши се пребришува со алхол.
9.Деветиот чекор е да се истуроира за да се израмни и се повторува обликот.
10.Десетиоот чекор е да се направи дизајнот и да се налалира.
11. Единаесетиот и последниот чекор е да се стави завршниот ТОП КОЛТ се суди 120 секунди се пребришуват .

Изработиле: Јована Героска, Деспотоска Јована III 8



Признанија/ Награди

Натпревари по македонски јазик и литература

5.10.2021 год. - на републичкиот натпревар на тема „Учителот“ во организација на Педагошкиот факултет од Битола, ученикот Дејан Богојовски II 12, гимназиско образование, билингвална паралелка, го освои првото место, додека Марија Сервини од истата паралелка освои пофалница. Ментор: Милица Д. Радевска, наставник по македонски јазик и литература. 24.12.2021 год. - на републичкиот натпревар за најдобар есеј организиран од Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на РСМ, освоени две први места:

- категорија „Јазик“: „Блаже Конески - втемелувач и кодификатор на современиот македонски јазик“ - Магдалена Дандушевска, IV-7, гимназиско образование, ментор: Николина Поповска, наставник по македонски јазик и литература, и
- категорија „Литература“: „Блаже Конески - великанот на македонската поетска реч“ - Марија Сервини II-12, гимназиско образование, ментор: Милица Д. Радевска.

Натпревари по биологија

Ева Сиваков, ученичка од III 12 под менторство на професор Флорида Кулевска освои II награда на општинскиот натпревар за учениците од средните училишта, кој се одржа на 7 февруари 2022 год., организиран од Македонското биолошко друштво со професорите од катедрата на ПМФ - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На регионалниот натпревар на 26 март 2022 год. освои I награда по биологија и пласман на државен натпревар по биологија со I критериум.

Прилогот го подготви Флорида Кулевска, професор по биологија

На 26 март 2022 год. во СОУ „Таки Даскало“ се одржа регионалниот натпревар по биологија. Во континуитет нашите ученици во своите категории покажуваат најдобри резултати во регионот. Ваквите успеси бараат огромно вложување, труд и посветување на своето слободно време на науката, што за нашите ученици претставува големо задоволство, лично исполнување и чекорење кон зацртаната цел. Наградените ученици ќе ја продолжат битката на државниот натпревар во Скопје:



- Дејан Богојовски, II 12, билингвална гимназија, I место (општински натпревар) и I критериум, II награда (регионален натпревар), ментор: Весна Христовска
- Марија Сервини, II 12, билингвална гимназија, II награда (општински натпревар) и пофалница (регионален натпревар), ментор: Весна Христовска

Прилогот го подготви Весна Христовска, професор по биологија



Регионален натпревар по математика

На 12 март 2022 год. се одржа 45-от регионален натпревар по математика за учениците од гимназиското и стручното средно образование. За нашиот регион, во кој спаѓаат општините: Битола, Ресен, Прилеп, Крушево, Македонски Брод и Демир Хисар, натпреварот се одржа во СОУ „Цар Самоил“ - Ресен. Од нашето училиште се натпреваруваше ученичката од прва година од билингвална паралелка Ана Ацевска, која претходно на општинскиот натпревар освои прва награда, а на регионалниот - трета награда, со што се стекна со право да учествува на Државниот натпревар кој ќе се одржи на 16 и 17 април 2022 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје.



На ученичката ѝ посакуваме многу успех на државниот натпревар!

СТЕФАНИЈА АЛЕКСОВСКА И АРХАН АРСЛАНОВСКИ СЕ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕСТОНИЈА

Во кугланата во Битола на 23 март 2022 год. се одржа поединечно финале во куглање. Стефанија Алексовска од Кугларскиот клуб „Пелистер Пин“, ја победи својата противничка со 3:1 и е најдобра во квалификациите.



Во машка конкуренција Архан Арслановски го совлада својот противник со 2:2 +29 и со убедливо водство во квалификациите.

Стефанија Алексовска е ученичка од III 9 гимназија, а Архан Арслановски е ученик од III 2 од сообраќајната струка во СОУ „Таки Даскало“. Тие се наши соученици, наши другари, нашата гордост. Стефанија и Архан ќе ги бранат боите на нашата Македонија со учеството на Светскиот Куп за куглање во мај, оваа година, во Естонија.

Стефанија веќе 4 години тренира куглање кај тренерот Игор Михајловски во Кугларскиот клуб „Пелистер Пин“.

Во август, минатата 2021 год. Стефанија Алексовска и Ивана Трајчевска зедоа учество на Светското првенство во куглање во Крањ, Словенија. Нашата Стефанија на 9 март 2022 г. е прогласена за надежен спортист на годината. Честитки до Стефанија Алексовска!



Архан Арслановски од Кугларскиот клуб за Мажи „Пелистер 1982“, тренира куглање кај тренерот Игор Михајловски. Има настапувано на повеќе натпревари во куглање и има освојувано дипломи и медали.

- за освоено трето државно првенство до 18 години.
- освоено прво државно првенство до 18 г.
- освоено трето државно првенство до 23 г.
- освоено прво државно првенство во Спринт до 23 г.
- репрезентативец на Македонија до 18 г. каде има добиено 6 медали од кои 2 медали за екипно второ место во Македонија и 4 дипломи.

За овие двајца спортисти, кугланата им претставува втор дом, а тренинзите голема инспирација за поголеми успеси и победи.

Да им посакаме голем успех и на Светскиот куп во куглање до 18 години во Елва, Естонија.

Сите ви посакуваме среќа и успех и ве очекуваме да се вратите со дипломи и медали. Би сакала следната статија да ја пишувам за нивните победи и медали од Светскиот куп во Естонија. Среќно!

Викторија Цветановска III 9

Ученичката Мелиса Алимовска од III 2 сообраќајна струка, техничар за патен сообраќај, освои второ место на регионалниот натпревар на електро-технички и сообраќајни училишта одржан во Охрид во март 2022 год.

Еко ТД



РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ХАРТИЈА

Традиционално во графичкиот кабинет секоја година се одвива процес на рециклирање на стара хартија, под менторство на професорката Валентина Ристеска. Со тоа учениците и професорите од графичката струка стануваат дел од актуелните ЕКО трендови. Со самиот процес на рециклирање, кај учениците се подигнува свеста за значењето на ваквите активности во насока на зачувување на животната средина и се става акцент за вредноста на рачно изработените производи. Годинава рециклираните парчиња хартија ќе се употребат за изработка на факсимили во соработка со писателите од Битолскиот книжевен круг кои ќе останат како трајна поставка во нашата училишна библиотека и на Педагошкиот факултет Битола.

Прилогот го подготвија: Мартин Јаневски, Јована Цветановска, Теодора Цветковска I 4



РЕСТАВРАЦИЈА НА КНИГИ ОД УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

Графичката струка, секоја година во рамки на практичната настава, реставрира оштетени книги и учебници од училишната библиотека. На тој начин стотици книги се одржуваат во функција, а реставрацијата се изведува со реупотреба на материјали, со што значајно се придонесува за намалување на отпадот во училиштето, заштитата на животната средина и одигањето на еколошката свест кај учениците и вработените.

21 МАРТ - ДЕН НА ЕКОЛОГИЈАТА

По повод Денот на екологијата, 21. 3. 2022 год., ние, учениците од втора година, стручно образование (сообраќајна, графичка и текстилна струка) при СОУ „Таки Даскало“ - Битола, под менторство на проф. Наташа Котевска, разработивме важни теми од екологијата преку свои Power point презентации на англиски јазик. Презентиравме за



глобалното затоплување и последиците од истото како зголемување на нивото на водите, пошумувањето и уништувањето на шумите, како и за загрозените видови на животни. Часовите беа поучни и многу интересни, слушнавме нови работи кои не сме ги знаеле. Дискутиравме за рециклирањето на отпад и штедењето на енергијата, притоа збогатувајќи го нашиот вокабулар на англиски јазик со зборови и фрази поврзани со темата. На крај, донесовме заклучок дека светот во кој што живееме треба да го чуваме и штитиме бидејќи немаме друг свет каде што би можеле безбедно да живееме. ☺

Емилија Трампевска II 4

ЕКО АКТИВНОСТИ НА ТЕКСТИЛНАТА СТРУКА

Со учениците од текстилната насока беа реализирани неколку ЕКО работилници, при што беа изработени:

-еко торби со примена на техника на печатење со текстилни бои и користење на печати, примена на техниката на везење на етно македонски и современи мотиви








- еколошко боење на текстилни материјали со природни бои






-еколошко печатење на рециклирани фустани и нивна декорација со моден накит од рециклирани текстилни материјали




- изработка на косими од рециклирана хартија, текстил и пластика по предметот Костимографија.






Литературен клуб

Ние,учениците од билингвалната гимназија, I 12, II 12 и III 12 ја имавме таа чест да учествуваме на поетски настан под наслов „Слушнете ја мојата поезија“ во периодот од 28.9. до 5.10.2021 год. во организација на Американското Катче Битола, заедно со Француската Алијанса во Битола и Здружението „Пелагонија“ од Битола.



На 7.10. 2021 г. присуствувавме на настан-изложба и литературно читање на поезија напишана на македонски јазик, англиски, француски и грчки јазик, каде се претставивме со свои поетски творби.



ОДБЕЛЕЖАНИ 700 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ДАНТЕ АЛИГИЕРИ

По повод 700 години од смртта на Данте Алигиери, Во ноември 2021 год., во холот на НУУБ „СВ. Климент Охридски“ беше поставена тематска изложба. Изложбата со своја програма ја збогатија ученици, членови на Литературниот клуб од нашето училиште. Учествуваа: Патрисија Темова, Александра Петровска, Елдина Мифтари, Михаела Митовска, Теодора Стевановска, Анастасија Марковска и Марија Спасевска, ученички во IV год. под менторство на професорката Николина Поповска.

Изработила: Ангела Поп Гиноска II 12



Ири Јефтимова,
професор по македонски јазик
и литература

ПАТООДЕЊЕ

Ќе застанам ли еднаш
и ќе се запрашам ли еднаш?
Што ме натера да одам непрекинато?
Како порив внатрешен,
како жед непресушна,
како љубов недоисполнета,
како мечта недомечтаена.
Ех, патилници на веков.
Животиве ги врвиме
и свесни и несвесни
дека само еднаш постоиме.

***

Одејќи низ врвицата на животот,
застануваме и се прашуваме:
каде нè води ова сивило животно.
Ги прегазуваме препреките
и уште во нас сила кажува:
Таму е светлината
Светлината недостижна
Светлината живот
А тоа си Ти Боже.
Останuваме во Тебе
и со Тебе на патот
и сега знаеме
Ќе стигнеме до саканата цел.

Кариерен центар

КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ

„Кога би знаел што е правилно, тоа и би го правел“, рекол познатиот филозоф Сократ. Понесени од дилемата за тоа што понатаму со нашата животна кариера, ние учениците од IV 7 побаравме совет од проф. Александар Трајковски кој срдечно го прифати нашето барање и ни помогна во процесот на донесувањето на одлуката. Цел тој процес беше спроведен со тестови за планирање на кариера, а се реализираше во Кариерниот центар на СОУ „Таки Даскало“ - Битола.



Давид Мицески, Анастасија Марковкса, Ана Јаневска и Марија Спасевска

Волонтерски клуб

ВОЛОНТЕРСКИТЕ АКТИВНОСТИ – ПАТОКАЗ ЗА ГРАДЕЊЕ КУЛТУРА НА МИРОТ

Волонтерскиот клуб „Тереза Фердинанди –Литовска“во СОУ „Таки Даскало“ - Битола функционира од учебната 2005-2006 год. и во него членуваат ученици од сите години на образование и сите струки без разликите по пол, етничка и верска припадност, или по способности. Низ заедничките активности секој може да покаже што умее и сака, несебично и пожртвувано да оддели дел од своето време и со многу љубов да учи нови вештини, да создава, твори, да ја разубавува животната средина и да ја разбери силата на дарувањето.

Во текот на учебната 2021/22 год. рализирани се бројни волонтерски акции меѓу кои би ги издвоиле:

- Организирана е крводарителска акција со учениците и вработените со цел развивање на хуманоста (имавме 10 крводарувања), 16.11.2021 г.;
- „Од гранче до цвет“ - засадување на саксиско цвеќе, ноември 2021 г.;
- „За поубав училишен двор“ – 30 ученици засадија 30 зимзелени дрвца во соработка со Општина Битола и НВО „Свера“ Битола и ЈП „Комуналец“ - Битола. 7.12.2021 г.;
- „Шеќерна приказна“ - Стекнување вештина за украсување на колачиња со шеќерен прелив, 12 ученици на 12.12.2021 г.;
- „Мартинка за среќа“ - Изработка и продажба на мартинки, 21.2.-1.3.2022 г. Со прибраните средства беше организирана хуманитарна акција „Свесност“, беа набавени прехранбени продукти кои беа донирани во семејства со понизок социјален статус;



- „За поубав училишен двор“ - одбележан Денот на пролетта и Денот на екологијата, засадени беа љубичици во жардинериите на учлишниот двор и др.

Преку волонтерските акции учениците ја испратија пораката дека кога ќе се обедини силата на срцето, умот и рацете, може да се направат позитивни промени во начинот на мислење, чувствување и однесување.

Одговорни наставници: К.Маурдева, М. Гичевска


Креативни и надвор од ТД



Миле Атанасоски, професор по графички стручни предмети. Освен со редовна настава, наставникот Миле Атанасоски се занимава со графички дизајн, илустрација, стрип и карикатура. Илустрации има објавено во COOL STRIP ART antology и GLOBALART visual poetry & mail art.

Милица Димитријовска-Радевска, професор по македонски јазик и литература, е член на Друштвото на писатели на РС Македонија и на Македонското научно друштво од Битола. Автор е на стихозбирките ,,Обидници‘‘, „Лечебница“, ,,Поетски дијалог“ (во коавторство со Весна Мундишевска-Велјановска), „Воздишки на ветрот“, „Лузни на зборот“ и „Сам во пределите на сонот“. Учествувала на повеќе книжевни манифестации и научни средби од областа на литературата и воспитно-педагошката дејност. Нејзината поезија е преведена на српски, англиски и романски јазик. Свои критички огледи, записи, рецензии напишала за повеќе современи македонски автори.






Билјана Исијанин, професор по ликовна уметност, современа архитектура и уметност и културно-историско наследство. Завршила историја на уметност со археологија. Магистер по културолошки студии. Независен уметник и куратор во склоп на групата „Елементи“. Учествува на изложби и фестивали во Италија, Холандија Јапонија, Чешка, Велика Британија. Автор на книгата „Субверзивните уметнички дејствувања од Ulay до Banksy“, монографијата „Елементи-документ 1992-2012“, публикации, ликовни критики, есеи и новелата „3406".

Љубица Мешкова Солак, професор по ликовна уметност. Остварила многу самостојни изложби во Македонија и во странство (Берлин, Софија, Истанбул, Париз), а во соработка со модни брендови изложува во Дубаи, Катар, Кувајт, Бахреин. Добитник е на награди. Член е на ДЛУМ, ИКОМОС, ДЛУБ. Во април 2022 год. отвори и своја галерија и конецептуална продавница „Solak Gallery & Concept Store“.





д-р Валентина Николовска, професор по македонски јазик и литература, доктор по наука за јазик – Македонски јазик. Учествува на научни конференции во земјава и во странство, автор е на повеќе стручни трудови објавени во меѓународни научни списанија. Оваа година го објави трудот со наслов: „Хамлет и Лаерт – ликови актери – актанцијален амалгам на субјекти со идентичен предикат: одмазда“ во меѓународното списание „Олциниум“.

Христиан Петковиќ, професор по музичка уметност. Има сопствена продукција во која се занимава со снимање на вокали, компонирање, снимање и обработка на видеа. Снимил повеќе кавери на познати светски ѕвезди во изведба на млади пејачи од Македонија. Се занимава и со уметничка фотографија. Хоби му е спортот, фудбал и пинг-понг.





Ветон Адеми, III год. градежен техничар: Доаѓам од фамилија која традиционално се занимава со градежништво и од тука произлезе и мојата желба за изборот на струка. Во наставата се стекнав со многу практични знаења од областа на градежништвото што е и цел на моето школување.

Мелиса Алимовска, III год. сообраќајна струка: Се занимава со карате. Освои II место во карате на натпревар одржан во Скопје, како претставник на клубот “SHOKATAN KARATE”.

Архан Арслановски, III год. сообраќајна струка, техничар за патен сообраќај: Оваа година се здоби со повеќе награди од областа на спортот. Тој беше државен првак на Македонија до 18 год. во куглање на натпревар одржан во Битола, како и државен првак во Македонија во SPRINT куглање, а освои и III државно место во Македонија до 23 год. Тој е репрезентативец на Македонија и ќе ја претставува нашата држава на светското првенство во куглање кое ќе се одржи во Естонија.


Ајвин Бајрамов и **Адем Рустеми**, I год. графичка струка: Нивна пасија е рекреативниот бодибилдинг.

Рената Велјановска, II год. графичка струка: Хоби ми е куглањето. Почнав да куглам во 2019 год. и се занимавам до денес затоа што куглањето е многу интересен спорт кој ме прави да се чувствувам многу среќна и исполнета. Тренирам во женскиот кугларски клуб „Пелистер“. Со куглањето запознав многу успешни куглари и стекнав многу пријатели.

Јована Георгиевска, I год. графичка струка: Веќе неколку години тренира кошарка во КК „Јуниор“ – Битола.



Ева Гошева, III год. гимназиско образование: “Shall We Dance” (Jennifer Lopez and Richard Gere), филм кој по некоја случајност е промовиран 2004 , истата година кога јас сум родена. За прв пат, исто по некоја случајност, го гледав на мои неполни 8 години, не трепнувајќи со моите мали очи, восхитена од латино музиката, чекорите кои ги изведуваат, сиот раскош и гламур на натпреварувањата. Бев сигурна и одлучна дека тоа ке биде моето хоби. Да се биде танчер е многу повеќе од само учење кореографија и правилна техника. Се работи и за она што се случува внатре, во душата на танчерот.Танчерите се уметници кои користат движења за да се изразат и да се поврзат со другите, создавајќи нешто магично со секој чекор.



Нина Димеска, II год. архитектонски техничар, градежно-геодетска струка: Доаѓам од Прилеп и патувам бидејќи оваа струка ја нема во мојот град. Кога се сака нешто, ништо не е тешко. Се стекнав со многу знаење и практични вештини од областа на архитектурата. Задоволна сум од мојата одлука за запишување во „Таки Даскало“. Од мали нозе се интересирам за струката и ја користам секоја прилика да sирнам на градилиште. Во иднина се гледам како надзор во високоградба.

Лиља Џјордјевиц, II год. графичка струка: Моето хоби е фотографирање и цртање портрети. Моето слободно време го исполнувам со цртање, а во сончевите денови фотографирам портрети и природа. Фотографијата и цртањето се уметност која можеме сами да ја создаваме и да ги изразуваме своите чувства и мисли.

Дарко Дојчиновски, II год. графичка струка: Член е на клубот за боречки вештини „Нинџуцу Клуб“ – Битола, место во кое, како што велат, доаѓаат деца кои се трансформираат во шампиони. Суштината на боречките вештини не е само победа на спортски настап, туку демонстрирање на непокорност, борбеност, упорност, волја и издржливост.



Сања Јованова, IV год. архитектонски смер: Доаѓам од Неготино. Во Битола сум сместена во ученички дом. Патувам за викендите. Интернатскиот живот има многу позитивни страни. Се запознав со многу деца од различни градови, постојано се дружиме и си помагаме. Мило ми е што ја одбрав Битола како град каде ќе го завршам средното образование, училиштето и смерот. Ме интересира внатрешен дизајн и сè што е поврзано со уредување на ентериери.





Ксенија Мано, III год. гимназиско образование: Од многуте уметнички начини за изразување, јас ги практикувам скоро сите. Со цртање, свирење гитара, читање книги, пишување, анимација итн, јас ги поминувам деновите исполнето. Најмногу успеси сум имала со она што се надевам дека ќе го продолжам како кариера во иднина: глума и театар. Од глумење само пред малубројна публика, па се до глумење на сцената во Народниот Театар Битола со претставата ,,Тирамису” по текст од Јоана Овшанко, режирана од Софија Ристевска. Глумата ме одведе и во Србија, со учество во проект заедно со друштвото на лица со оштетен слух и говор од Белград.



Со цртањето и тој тип на уметност сум учествувала на неколку конкурси и изложби. Со моја скулптура бев избрана на изложбата Манаки, бев дел од изложбата на Американското Катче Битола “Women in the eyes of the youth”, и нетрпеливо чекам да видам уште колку искуства ќе стекнам со уметноста.

Свесна сум дека секое хоби кое што го практикувам и сега и во иднина ќе ми нуди безброј можности, знаења и отворени врати. Моите хоби се причината што уживам во животот секојдневно.

Антонио Марковски, II год. графичка струка тренира фудбал и игра за ФК „Хајдук“ - Лозани на позиција десен бек, а **Стефан Простиженовски** од истата паралелка тренира бокс во клубот „Пелистерски јунак“. Спортувајќи се чувствуваат многу убаво, запознаа многу нови другари и доживуваат незаборавни моменти.

Емануела Митревска, III год. гимназиско образование: Започнав да го изучувам Албанскиот јазик во VII одделение со посетување на приватни часови. За краток период (3 месеци) го завршив А2 нивото и потоа продлжив да се надоградувам самостојно. Мојата желба за изучување на албанскиот јазик произлегуваше од желбата да можам да разбирам што зборуваа луѓето околу мене и да знам како да постапам, тогаш сè уште не знаејќи колку всушност нови врати ќе ми отвори и колку стереотипи ќе скрши.







Благодарение на моето изучување на албанскиот јазик јас учествував и на важен настан како “Денот на Албанската азбука” или “Ditët e alfabetit”.

Маријана Мегленска, II год. графичка струка: Моето хоби е пеење и цртање. Во слободно време цртам анимирани портрети, а пеењето го наследив од мојот татко кој пее во група. Мојата желба е да имам своја изложба на цртежи и еден ден да бидам позната пејачка како што е мојот татко.



Кристијан Пасковски, I год. графичка струка: Надежен фудбалер. Неговата страст кон фудбалот ја негува од најрана возраст. Член е на ФК „Топ гол“ – Битола. Фудбалот, како и секој спорт бара дисциплина и пожртвуваност, но ништо не е тешко ако навистина се сака.

Стефан Пејовски, III год. сообраќајна струка: Се занимава со спорт. Освои II место на регионален натпревар во трчање организиран од општина Битола.



Теа Радевска, II год. градежно-геодетска струка: Доагам од с.Езерани, Ресен. Патувам секој ден и тоа не ми претставува пречка бидејќи сум добро организирана. Струката ја запознав преку една интересна кампања на училиштето, лесно ја донесов одлуката и не се каам што се запишава на градежен смер во „Таки Даскало“. Омилен предмет ми е Практична настава. Во иднина се гледам како инженер кој изработува статика за објекти од високоградба.

Бојан Стевановски, I год. графичка струка: Член е на фудбалскиот клуб „Еден на еден“ - Општина Могила. Секој тренинг е задоволство, а секој натпревар нов предизвик. Секако фудбалот е тимски спорт, па успехот на тимот е и личен успех за секој од членовите.



Антониј Трајчевски, III год. геолошко-рударска и металуршка струка: Се занимава со планинарење, ги има искачено сите највисоки планински врвови на Балканот. Исто така се занимава и со екстремен велосипедизам. Членува во велосипедскиот клуб „15-ти Мај“ - Битола. Редовно учествува на натпревари и има освоено повеќе награди.






Јована Цветановска, I год. графичка струка: Веќе 6 години активно тренира одбојка во ОК „Пелистер Волеј“ – Битола, а од годинава е член и на училишниот одбојкарски тим. Но, тоа не е доволно за немирниот дух на Јована. Таа заедно со своето семејство е голем вљубеник во природата, а викендите се резервирани токму за тоа, планинарење и активности во природа.

Во прва година, графичка струка има уште креативци: **Симона Николовска** своите чувства најлесно ги искажува преку цртеж; цртањето и дизајнирањето е секојдневие и за **Благица Наумовска**, која е своја само кога твори; **Сара Стојковска** своето здраво живеење го надополнува со редовно вежбање во фитнес студиото „Универзал“; **Теодора Цветковска** ужива на снежните падини и скијањето, а планините и планинарењето се нејзина љубов и во останатите годишни времиња; за **Никола Суклевски** гејмерската столица е негов трон, а гејмерството е нова димензија на неговото секојдневие.


КОМУНИКАЦИЈА КОМУНИКАЦИЈА КОМУНИКАЦИЈА




Ангела Јовановска III 4, 2021

СОУ “ТАКИ ДАСКАЛО” БИТОЛА










ЕКОКОДЕКС









екоЏД

дизајн: Мите Атанасоски